# УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ

- ✓ СТУДЕНТОТ Е ДОЛЖЕН ДА ИЗВРШИ ЕЛЕКТРОНСКА ПРИЈАВА ВО IKNOW СИСТЕМОТ **НАЈДОЦНА 7 (СЕДУМ) ДЕНА ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА.**

⇩

**Напомена:** *Системот Iknow ја затвора опцијата за електронско пријавување на испит заклучно на 6 (шест) дена пред почетокот на испитната сесија, со што нема можност студентот да полага во предвидената сесија.*
*Студентот кој нема можност или од други причини неможе електронски да се пријави, може да побара помош од Референтот во службата за стидентски прашања кој има обврска да го пријави студентот во Iknow системот.*
*Студентот кој не се пријавил во предвидениот рок, може тоа да го направи најдоцна до почетокот на испитот, кај Раководителот на студентска служба кој ќе интервенира во Iknow системот, со тоа што треба да достави уплатница според Одлука на Деканатска управа.*

- ✓ РЕФЕРЕНТОТ ВО СЛУЖБАТА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА, ПОДГОТВУВА ИЗВЕШТАЈ НА ПРИЈАВЕНИ СТУДЕНТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ, **ЗАКЛУЧНО СО ПОЧЕТОКОТ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА.**

- ✓ ПРЕДМЕТНИОТ НАСТАВНИК ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ИСПИТ, **ПОДИГНУВА ИЗВЕШТАЈ НА ПРИЈАВЕНИ СТУДЕНТИ КОИ МОЖЕ ДА ПОЛАГААТ НА ЗАКАЖАНИОТ ТЕРМИН.**

⇩

**Напомена:** *Предметниот наставник не смее да дозволи студент кој не се пријавил во системот Iknow да го полага испитот, бидејќи нема можност да се внесе оценка во системот (Освен ако испитот е електронски пријавен од Раководителот на студентска служба).*

- ✓ СЕКОЈ СТУДЕНТ **Е ДОЛЖЕН НА ДЕНОТ НА ИСПИТ ДА ДОСТАВИ ПРИЈАВА ЗА ИСПИТ И УПЛАТНИЦА/И СО УПЛАТА - ВО ЗАВИСНОСТ ОД СЕСИЈАТА И БРОЈОТ НА ПОЛАГАЊА (РЕДОВНА СЕСИЈА, ПРВ ПАТ ПОЛАГА БЕЗ УПЛАТНИЦА, А ВОНРЕДНА СЕСИЈА ИЛИ ВТОР, ТРЕТ ПАТ, И.Т.Н., СО УПЛАТНИЦА ОД 300 ДЕНАРИ).**

- ✓ СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПРЕДМЕТНИОТ НАСТАВНИК ИЗВЕШТАЈОТ СО ПОЛОЖЕНИ ИСПИТИ И ПРИЈАВИТЕ СО ВНЕСЕНИ ОЦЕНКИ ДА ГИ ДОСТАВИ ДО РЕФЕРЕНТОТ ВО СЛУЖБАТА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА **НАЈДОЦНА 15 ДЕНА ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА.**

**Продекан за настава**

Ред.проф.д-р Зоран Јошевски